

Саво Костадиновски во 1970 година заминал за Германија. Иако таму живее и работи веќе 50 години, за себе вели дека не е гастербајтаер односно гурбетџија, туку поет кој престојува во Германија и патува по светот. Ова со право го вели затоа што досега напишал и објавил 127 книги, најмногу поезија и нешто проза. Со ваков импозантен опус ретко кој писател кај нас може да се пофали. Книгите му се напишани на германски и на македонски јазик и вели најмногу ја сака поезијата.

„Првата песна ја напишав на 26 јули 1963 година како домашна работа за страшниот земјотрес во Скопје. Во еден момент стиховите едноставно потекоа од мене. Песната беше прогласена за најдобра во училиштето 'Братство и единство' во Гостивар, каде што учев. И сега неретко се случува така да напишам песни, одеднаш, во еден здив, додека патувам со воз, престојувам некаде, додека се шетам. Со себе секогаш носам неколку листови хартија и молив и го запишувам она што во тој момент ќе ми надодојде како инспирација. Во една песна напишав стих 'моите стихови миленици, ги пишувам на коленици'", вели Костадиновски.




Саво Костадиновски
ПОЕЗИЈА ЗА ПОЕЗИЈАТА
Savo Kostadinovski
POESIE FÜR DIE POESIE
ПЕСНИ ЗА ДЕЦА
Саво Костадиновски
НА МАКЕДОНИЈА СО ЉУБОВ
Саво Костадиновски
ПЕСНИ И МАНИФЕСТИ
Savo Kostadinovski
GEDICHTE UND MANIFESTE
ТРИТЕ ВЕКА
ИСТОРИЈА НА ВОЈНИТЕ
Savo Kostadinovski
GESCHICHTE DER KRIEGE